АВТОРСКИ ПРАВА
© Овој документ е интелектуална сопственост на ENVIROPLAN S.A. и на неговите конзорциумски партнери. Секое неовластено користење или објавување од било кое лице освен она за кое истиот е наменет е строго забрането.

Оградување:
ENVIROPLAN S.A. и неговите конзорциумски партнери се целосно одговорни за содржината на оваа публикација, и истата не значи дека ги одразува ставовите на Европската унија

**Содржина**

**1. ВОВЕД ... 2**
**1.1 НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ И ИНВЕСТИТОР ... 2**
**1.2 ПОТРЕБИ И СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ ... 2**
**1.3 ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ/ФАЗИ НА ПРОЕКТОТ ... 3**
**1.4 ПОСТАПКА ЗА ОВЖС ... 4**

**Слики**

**Слика 1 Постапка за ОВЖС ... 5**

# 1. ВОВЕД

## 1.1 НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ И ИНВЕСТИТОР

Оваа Студија за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС) беше подготвена како дел од проектот „Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски регион“. Општата цел на проектот е да се воспостави интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во овие региони.

Договорен орган е Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД) во рамките на Министерството за финансии. Институции и организации кои имаат корист од овој проект и се сметаат како корисници се:

- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Меѓуопштински одбор за управување со отпад на Пелагонискиот, Југозападниот, Вардарскиот и Скопскиот регион;
- Сите општини во четирите (4) региони.

Целта на проектот е подготовка на регионални планови за управување со отпад и стратешка оценка на животната средина, како и изработка на физибилити студии, анализа на трошоци, студија за оцена на влијанието врз животната средина, детални проекти и помош во подготовката на деловите 3, 4 и 5 од тендерските досијеа за работни активности и договори за набавка со цел изградба на избраните постројки за третман и отстранување на отпадот, затворање на нестандардните општински депонии/диви депонии и за набавка на опрема за собирање на отпад и транспорт на отпадот согласно стандардите на ЕУ за Пелагонискиот, Југозападниот, Вардарскиот и Скопскиот регион. Проектот се состои од девет (9) компоненти а целта на овој извештај е Компонента 5: Студија за оцена на влијанијата врз животна средина (ОВЖС).

## 1.2 ПОТРЕБИ И СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Во согласност со условите за работа, студиите за ОВЖС треба да содржат:

- Детален опис на предложениот проект вклучувајќи опис на локација, големината и површината на проектот, моменталната состојба со животната средина,опис на природното и културното наследство во областа на проектот
- Опис на очекуваните емисии (на пример, воздух, отпадни води, цврст отпад и сл.) и оценка на можните значителни влијанија во фаза на изградба и во фаза на работење
- Опис на мерките за ублажување во однос на негативните влијанија вклучувајќи ги и трошоците за ублажување
- Опис на технологијата која ќе се користи
- Опис на алтернативните решенија за реализација на проектот
- Не - техничко резиме

Ќе се применува важечкото национално и ЕУ законодавство со кое се определува содржината на Извештајот за состојбата на животната средина.

Поконкретно, следните поглавја се составен дел на Студијата за ОВЖС:

- Поглавје 1: Вовед
- Поглавје 2: Не - техничко резиме
- Поглавје 3: Политика, правна и административна рамка
- Поглавје 4: Опис на предложениот проект
- Поглавје 5: Алтернативни решенија
- Поглавје 6: Основни услови во врска со постојната животна средина
- Поглавје 7: Влијанија врз животната средина
- Поглавје 8: Оцена на влијанијата врз животната средина од затварањето и рехабилитацијата на нестандардните општински и диви депонии
- Поглавје 9: Мерки за ублажување
- Поглавје 10: Мерки за ублажување од затварањето и рехабилитацијата на нестандардните општински и диви депонии
- Поглавје 11: Програма за мониторинг на животната средина
- Поглавје 12: План за вонредни состојби
- Поглавје 13: План за управување со животната средина

## 1.3 ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ/ФАЗИ НА ПРОЕКТОТ

Одговорното лице треба да ја достави Студијата за ОВЖС до МЖСПП во пишана форма. МЖСПП, во рок од 5 дена од приемот на Студијата за ОВЖС, ја доставува до соодветниот надлежен орган, и до ЕЛС на територијата на која проектот ќе се спроведува и во рок од 5 дена го објавува извештајот. Министерот за животна средина треба да ја пропише содржината на Извештајот за ОВЖС во согласност со Законот. МЖСПП треба да издаде решение за одобрување или одбивање на барањето за реализирање на проектот во рок од 40 дена од објавувањето на Извештајот за ОВЖС. МЖСПП треба, во рок од 40 дена од објавата на извештајот за ОВЖС, да го достави решението до инвеститорот, надлежните министерства и до ЕЛС на чија територија ќе се реализира проектот.

Одлуката треба да биде достапна за јавноста во рок од 5 дена од денот на нејзиното издавање. Оваа одлука произведува правно дејство за период од две години, со можност за нејзино продолжување, под услов да нема значителни промени во текот на реализацијата на проектот.

МЖСПП е одговорно за:

- Објавување на известувањето во најмалку еден национален дневен весник и на веб страницата на МЖСПП
- Објавување на одлуката за потребата од ОВЖС во најмалку еден национален дневен весник, на веб страницата на МЖСПП, како и на огласната табла на МЖСПП
- Да извести дека студијата за ОВЖС е подготвена и достапна за јавноста во најмалку еден национален дневен весник и да ја објави на веб страната на МЖСПП
- Објавување на извештајот за соодветност на ОВЖС во еден национален дневен весник на веб страницата на МЖСПП
- Објавување на одлуката за доделување на одобрување или одбивање на реализација на проектот во еден национален дневен весник, на веб страницата на МЖСПП, како и на огласната табла на МЖСПП
- Да извести за времето и местото на одржување на јавната расправа во еден национален дневен весник, на национална телевизија и радио итн.

МЖСПП треба да организира јавна расправа најмалку 5 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на мислење за извештајот за ОВЖС и да обезбеди достапност на информациите потребни за учество на јавноста во текот на јавната расправа, како и да обезбеди учество на невладините организации.

## 1.4 ПОСТАПКА ЗА ОВЖС

Постапката за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина се одвива во следните фази:

- Известување за намера за спроведување на проектот;
- Утврдување потреба за спроведување постапка за ОВЖС;
- Утврдување на обемот на студијата за ОВЖС;
- Подготовка на студијата за ОВЖС;
- Јавна расправа и консултации со јавноста;
- Извештај за соодветност на студијата;
- Одлука за согласност за спроведување на проектот.

**Слика 1 Постапка за ОВЖС**

